ПРИГОДЕН ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗМРХ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МКД „ИЛИНДЕН“ ОД РИЈЕКА, ПО ПОВОД ЦЕНТРАЛНАТА ПРОСЛАВА НА „ИЛИНДЕН 1903-2018“
Голубињак, сабота, 28.07.2018.

**Драги сонародници, почитувани гости, уважени дами и господо, драги пријатели и сограѓани,**
Пред сè, дозволете ми да ви упатам срдечно добредојде на оваа наша централна прослава која традиционално се одржува по повод нашиот најголем национален празник – празник на македонскиот народ и неговите сограѓани „ИЛИНДЕН 1903-2018“.

Во оваа прилика ве поздравувам од сè срце во името на организаторот Заедницата на Македонците во Република Хрватска и Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека.

**Најнапред, во името на сите вас, ги поздравувам високите гости:**

- Во името на Министерството за наука и образование на Република Хрватска, помошникот на министерката господинот **Момир Карина**;
- Во името на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, вршителот на должност, господинот **Мачеј Качоровски**, на кого, по повод завршувањето на мандатот и неговото заминување за Република Македонија, му посакуваме секое добро со изрази на најдлабока почит и благодарност, за сè што направил за нас и за плодната и успешна соработка, почитуван господине Мачеј Качоровски, нека ви е со среќа.
- Во името на градоначалникот на Град Загреб, госпоѓа **Костадинка Велковска**;
- Во името на Семакедонската Координација на советите и претставниците на МНМ, господинот **Томе Апостолоски**;
- Во името на Општина Локве, претседателот на Општинскиот Совет, гоподинот **Вид Арбанас** со неговите соработници;
- Директорот на претпријатието за комунална дејност КД „Локварка“ д.о.о., господинот **Ивица Гржаниќ**;
- Првиот и почесен претседател на ЗМРХ, господинот доктор **Никола Коле Гроздановски**;
- Првиот и почесен претседател на МКД „Илинден“ од Риека, господинот **Михаило Давчевски**;
- Членовите и пријателите на македонските културни асоцијации од: Риека, Пула, Загреб; Осиек, Задар, Сплит и другите правни субјекти и организации на македонското национално малцинство во Република Хрватска, а посебно Македонската православна црква и нејзините црковни општини во Република Хрватска;
- Претставниците на верските заедници и религиски групи;

- Претставниците на останатите национални малцинства;
- Претставниците на стопанските организации, јавните медиуми, здруженијата на граѓани и сите вас драги гости, почитувани пријатели и наши сограѓани.

Посебна ми е чест и задоволство да ги поздравиме сите заедно, нашите драги гости од Република Словенија ВИС „Балканика бенд“, кој ќе го предводи денешниот културно уметнички програм и сите вас драги гости, сограѓани и посетители, учесници на оваа наша свеченост.
ДОБРО НИ ДОЈДОВТЕ!

**Почитувани дами и господо,**
Дозволете ми, во името на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека, Советот на македонското национално малцинство во Приморско-горанската жупанија, Советот на македонското национално малцинство за Град Риека и Македонската православна црквена општина во Риека „Св. цар Константин и царица Елена“, како и во мое лично име, да ви го честитам најголемиот и најсветол национален празник на македонскиот народ и нивните сограѓани „ИЛИНДЕН“ и воедно да ви се заблагодарам за вашето присуство на оваа наша манифестација и да ви посакам да се чувствувате пријатно со нас како вистински пријатели на Република Македонија, чие име има своја Библиска и Уставна опстојност. Во оваа прилика и од ова место испраќаме порака на безрезервна подршка на Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, во напорите што ги прави за зачувување на Уставното име „Република Македонија“, за што безрезервно се залага и Заедницата на Македонците во Република Хрватска. А на сите оние кои што сакаат да ни го менуваат името им порачуваме од ова место, нека си ги менуваат своите имиња колку што сакаат, а Македонија нека ја остават веќе на мир. Народот е предолго заложник на една непринципиелна и валкана меѓународна политика. Политичките партии не смеат да бидат непријатели кога се работи за националните интереси на сопствената земја, туку мораат да бидат единствени и да се борат за иста цел, за признавање на Република Македонија под нејзиното Уставно име во целата меѓународна заедница. Македонија веќе со децении е предмет на еден непринципиелен меѓународен однос кој што ги разградува нејзините државотворни темели.
Затоа денес од ова место гласно повикуваме на единство и обединување, еднакво силно како што е денес на ИЛИНДЕН обединета цела Македонија. Нека ни е жива и здрава нашата Татковина Република Македонија и како што вели песната: „Едно име имаме, во срцето го носиме и на никого и за ништо не го даваме...“
Нека ни живее и нашата Домовина Република Хрватска, која подеднакво ја носиме во нашите срца. Во тој тон и од ова место и од сите нас нека е честит претстојниот празник, Денот на победата, Денот на Домовинската благодарност и Денот на Хрватските бранители, 5 Август!

**Почитувани гости,**
Јас користам оваа прилика да упатам посебна благодарност до претставниците на локалната самоуправа на Општина Локве, на вработените во паркот „Голубињак“, што и оваа година покажаа желба да бидат домаќини и шрум ни ги отворија вратите за чествување на овај наш најголем празник и што ни овозможија да уживаме во убавините на Горски Котар.

На крај, во името на Заедницата на Македонците во Република Хрватска упатуваме голема благодарност до Претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ, Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Приморско-горанската жупанија, Градот Риека и Општината Локве, за нивното покровителство на овогодишната централна манифестација „ИЛИНДЕН“ и за редовното пратење и финансирање на програмските активности на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.
Исто така, упатуваме голема благодарност до Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, „Алкалоид Загреб“ д.о.о., за несебичната помош и на сите оние кои што на било каков начин придонесоа за успешна реализација на оваа манифестација.

На сите вас ви посакувам среќен празник и честит нека им е имenденот на сите Илии, Илини, Илинки... и нека ни биде за многу години Илинденот. Да живее Република Македонија и Република Хрватска!

А сега, почитувани дами и господо, дозволете ми да ги повикам нашите уважени гости да ни се обратат со неколку зборови и тоа:

- Во името на Општината Локве, претседателот на Општинскиот Совет, господинот **Вид Арбанас**;
- Во името на Семакедонската Координација на советите и претставниците на МНМ, господинот **Томе Апостолоски**;
- Во името на градоначалникот на Град Загреб, госпоѓа **Костадинка Велковска**;
- Во името на Министерството за наука и образование, помошникот на министерката, господинот **Момир Карина**;
- Во името на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, вршителот на должност, господинот **Мачеј Качоровски**.

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО

Претседател на ЗМРХ:
Илија Христодулов